РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2895/1
21-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1236/1 од 04.04.2025 година, во која се изразува незадоволство од постапување на јавни обвинители од Основното јавно обвинителство ---- и Вишото јавно обвинителство ----, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на надлежно постапување на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-1236/1 од 04.04.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител е поднесена пријава во која се изразува незадоволство од постапувањето на јавни обвинители од Основното јавно обвинителство ---- и Вишото јавно обвинителство ---- во предмет КО бр. ---- оформен по кривична пријава поднесена од подносителот на пријавата како оштетен.

Согласно со член 9 став 1 алинеја 15 од Закон за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/2026 и 148/2026), Советот е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на обвинители, при што доколку утврди дека се основани поднесува иницијатива до овластениот предлагач за утврдување одговорност на јавниот обвинител за сторена дисплинска повреда.

По разгледувањето на пријавата, Државната комисија констатира дека друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава заедно со прилозите ќе се достави до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М Член на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата